Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија, Државната комисија за спречување на корупцијата , на 50-тата седница одржана на ден 23.07.2021 година донесе

**Одлука**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот со број 09-2474/1 од 16.07.2020 година, по што предметот се отфрла.

Предметот со број 09-2474/1 од 16.07.2020 година да се затвори и да се архивира.

Образложение

Предметот со број 09-2474/1 од 16.07.2020 оформен врз основа на пријава со наводи дека во Здружение на возачи во Струга, директорот на здружението ги вработил синовите, и тоа едниот директор на брокерско друштво, а другиот заменик директор на Здружението на возачи.

Со цел утврдување на фактичката состојба, Државната комисија за спречување на корупцијата согласно своите надлежности изврши проверка во дистрибутивниот центар на Централен регистар на РСМ и утврди дека Здружението на возачи Струга е во целосна приватна сопственост на повеќе физички лица.

Со оглед на тоа, Државната комисија нема законска основаност и можност за постапување, затоа што не станува збор за службено лице, ниту за фирма со вложен капитал од страна на државата.

Имајќи го во предвид погоре наведеното, Државната комисија нема елементи за нејзино надлежно постапување, поради што се одлучи како во диспозитивот на одлуката.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Изработил: Е.Н., соработник
Одобрил: В.Г., член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk